2019

ЈРП Македонска
Радио Телевизија

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ 01.01 - 31.03.2019Г

I Квартал

**СОДРЖИНА**

ВОВЕД ........................................................................................................................ 3

ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ од 01.01- 31. 03. 2019 Г ........................................................................................ 3

ПРИХОДИ..................................................................................................................... 4

ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.01 – 31.03.2019 Г ........................................................................................ 5

ТРОШОЦИ .................................................................................................................... 6

ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ПО ГРУПИ ВО ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.01-31.03.2019 Г ............................................................................... 6
Трошоци за вработените.............................................................................................. 6
Патни и транспортни трошоци..................................................................................... 7
Заеднички трошоци ..................................................................................................... 7
Програмски права ........................................................................................................ 8
Останати трошоци од работење ................................................................................ 8
Инвестиции................................................................................................................... 9

АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.01 - 31.03.2019 Г ......................................................................... 9

Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 31.03.2019г. ........................................... 13

СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 31.03.2019 ГОДИНА, РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ НА 31.03.2019 Г.................................. 13

Побарувања од купувачите во земјата ..................................................................... 14
Побарувања од купувачите во странство ................................................................. 15

СОСТОЈБА НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ ВО ЈРП МРТ НА 31.03.2019 Г ............................ 15

СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.03.2019 Г...................................... 16

# ВОВЕД

ЈРП Македонска Радио Телевизија е јавен радиодифузен сервис кој подготвува и емитува програма од областа на информирањето, образованието, науката, културата и уметноста, документарна и играна програма како и програма со музичко – забавни содржини на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници. Преку радио и ТВ сателит и / или интернет, со 24 часовно времетраење, дел од програмата на МРТ е достапна до гледачите и слушателите во европските и прекуокеанските земји.

Согласно член 5 од Законот за јавни претпријатија, ЈРП Македонска Радио Телевизија изготвува тримесечни извештаи со показатели за финансиското работење.

За реализација на програмските содржини во првото тримесечје од 2019 година, Македонска радио телевизија оствари приходи во вкупен износ од 236.701.306 денари и расходи во износ од 164.346.650 денари при што е остварен позитивен финансиски резултат во износ од 72.354.656 денари.

**ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ 01.01-31.03.2019ГОДИНА**

| ОПИС | Остварување 01.01.-31.03.2018г. | | Финансиски план 2019г. | | Остварување 01.01.-31.03.2019г. | | индекс | индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | износ | стр. | износ | стр. | износ | стр. | 6/2*100 | 6/4*100 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| **А.ВКУПЕН ПРИХОД** | **225,874,854** | **100.0** | **932,500,000** | **100.0** | **236,701,306** | **100.0** | **104.8** | **25.4** |
| **Б.ВКУПНИ ТРОШОЦИ** | **151,533,440** | **67.1** | **869,000,000** | **93.2** | **164,346,650** | **69.4** | **108.5** | **18.9** |
| Трошоци за вработени | 93,362,300 | 41.3 | 403,450,000 | 43.3 | 87,599,407 | 37.0 | **93.8** | **21.7** |
| Патни трошоци | 455,208 | 0.2 | 8,350,000 | 0.9 | 1,888,147 | 0.8 | **414.8** | **22.6** |
| Заеднички трошоци | 42,924,061 | 19.0 | 266,800,000 | 28.6 | 52,127,075 | 22.0 | **121.4** | **19.5** |
| Програмски права | 8,583,645 | 3.8 | 132,000,000 | 14.2 | 11,626,489 | 4.9 | **135.4** | **8.8** |
| Останати трошоци од работење | 6,208,226 | 2.7 | 58,400,000 | 6.3 | 11,105,532 | 4.7 | **178.9** | **19.0** |
| **ФИНАН.РЕЗУЛТАТ (А-Б)** | **74,341,414** | | | | **72,354,656** | | | |

# ПРИХОДИ

Во првото тримесечје од 2019 година во тековното работење на МРТ остварени се приходи во вкупен износ од 236.701.306 денари.

Основен извор на финансирање на МРТ е приходот за финансирање на радиодифузна дејност средства кои, по Одлука на Владата на РСМ а согласно измените во Законот за ААВМУ (сл.весник 132/17), МРТ ги добива од Буџетот на РСМ – Министерство за информатичко општество и администрација. Истите, во анализираниот период се остварени во износ од 223.500.000 денари или 94,4 % од вкупниот приход.

Приходот остварен по основ на закупнини изнесува 46.906 денари што е реализација од 9,4% во однос на планираните приходи за 2019 година за оваа намена.

По основ на технички и други услуги во странство (коментаторски позиции, ISDN линии, и останати услуги) како и услуги во земјата (користење на студијата, преснимување на материјали, ангажирање на вработени за извршување на работи од заеднички интерес со останатите институции во кулата и останати услуги) остварени се приходи во вкупен износ од 381.867 денари.

Ставката останати деловни приходи има реализација во износ од 3.194.731 денари или остварување од 1,3 % во однос на вкупно планираните приходи за оваа намена, а истата опфаќа приходи од позитивни курсни разлики, приходи од камати, дополнитено утврдени приходи од минати години, приходи од донации и друго.

Приходот од маркетинг (РА и ТВ реклами и услуги, спонзорства и сл.) е остварен во износ од 9.568.134 денари што е реализација од 73,6% на планираните средства во Финансискиот план за 2019 година за оваа намена.

## ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.01 – 31.03.2019 ГОДИНА

| ПРИХОДИ | Остварени приходи 01.01-31.03.2018г | Планирани приходи за 2019г | Остварени приходи 01.01-31.03.2019г | Индекс 4/2*100 | Индекс 4/3*100 | Структура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Приход од Буџет на РМ - средства за финансирање на радиодифузна дејност | 221,637,500 | 894,000,000 | 223,500,000 | 100.8 | 25.0 | 94.4 |
| Закупнини | 81,585 | 500,000 | 46,906 | 57.5 | 9.4 | 0.0 |
| Приходи од услуги во земјата | 517,314 | 3,000,000 | 344,876 | 66.7 | 11.5 | 0.2 |
| Приходи од странство (технички услуги,коментаторски позиции,отстапени права и сл.) | 3,898 | 2,000,000 | 36,991 | 949.0 | 1.8 | 0.0 |
| Останати деловни приходи ( приходи од камати, позитивни курсни разлики,отпишани обврски,приходи од минати години),дополнително утврдени приходи од претходни години, донации и сл. | 72,038 | 15,000,000 | 3,194,731 | 4,434.8 | 21.3 | 1.4 |
| Приходи од наплата по судски одлуки | 0 | 2,000,000 | 9,668 | 0.0 | 0.5 | 0.0 |
| Продажба на рекламно време (маркетинг) | 3,562,519 | 13,000,000 | 9,568,134 | 268.6 | 73.6 | 4.0 |
| Приходи од донации, продажба на програма и услуги | 0 | 3,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| **СЕ ВКУПНО:** | **225,874,854** | **932,500,000** | **236,701,306** | **104.8** | **25.4** | **100.0** |

# ТРОШОЦИ

Во текот на периодот 01.01-31.03.2019 година, во работењето на ЈРП МРТ остварени се трошоци во вкупен износ од 164.346.650 денари.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ПО ГРУПИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.01-31.03.2019 ГОДИНА**

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.01-31.03.2019г. | Финансиски план 2019г. | Остварување 01.01-31.03.2019г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Трошоци за вработените | 93,362,300 | 403,450,000 | 87,599,407 | 93.8 | 21.7 |
| Патни трошоци | 455,208 | 8,350,000 | 1,888,147 | 414.8 | 22.6 |
| Заеднички трошоци | 42,924,061 | 266,800,000 | 52,127,075 | 121.4 | 19.5 |
| Програмски права | 8,583,645 | 132,000,000 | 11,626,489 | 135.4 | 8.8 |
| Останати трошоци од работење | 6,208,226 | 58,400,000 | 11,105,532 | 178.9 | 19.0 |
| **А. ВКУПНО ТРОШОЦИ:** | **151,533,440** | **869,000,000** | **164,346,650** | **108.5** | **18.9** |
| | | | | | |
| **ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| | | | | | |
| **Набавка на опрема** | 658,440 | 63,500,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| | | | | | |
| **Б. ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **658,440** | **63,500,000** | **0** | 0.0 | 0.0 |
| | | | | | |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ (А+Б)** | **152,191,880** | **932,500,000** | **164,346,650** | **108.0** | **17.6** |

## Трошоци за вработените

Групата Трошоци за вработени во првото тримесечје од 2019 година бележи остварување во вкупен износ од 87.599.407 денари или 21,7% од средствата планирани за оваа намена. Оваа група на трошоци ги опфаќа трошоците за бруто плати на вработените кои во анализираниот период изнесуваат 87.326.015 денари, потоа трошоците за отпремнина на вработените кои оствариле право за пензија и кои изнесуваат 147.826 денари како и трошоците за едукација (обуки од разни области, учество на советувања, семинари и слично) реализирани во износ од 48.970 денари, трошоците за разни видови на други надоместоци за вработените во износ од 49.096 денари и трошоците за задолжителни здравствени прегледи на вработените кои во анализираниот период се остварени во износ од 27.500 денари. Просечната нето плата по работник за периодот 01.01-31.03. 2019 година изнесува 24.492 денари.

### Патни и транспортни трошоци

Групата патни и транспортни трошоци е остварена во вкупен износ од 1.888.147 денари и истата е реализирана со 22,6 % во однос на вкупно планираните средства со Годишниот финансиски план за 2019 година за оваа намена.

Кај оваа група на трошоци би ги издвоиле трошоците за дневници и ноќевања за службени патувања на новинари и сниматели во земјата и странство наменети за исполнување на програмските цели а реализирани во рамки на планираните износи и истите изнесуваат вкупно 1.236.855 денари, како и трошоците за превоз за службени патувања надвор од земјата во износ од 391.288 денари. Од реализираните патувања во странство позначајни се патувањата на екипите на МРТ во: Минхен и Келн – Светско првенство во ракомет, Брисел – присуство на состанок организиран од Европски Парламент, Берлин – известување од меѓународниот филмски фестивал Берлинале 2019 година, Тирана – учество на меѓународна средба на претставници на јавните сервиси од западен Балкан, Анкара – официјална средба со менаџментот на ТРТ, Тел Авив – средби на делегации во врска со Евросонг 2019 година, Шведска – фестивал Поетска софра 2019 година, Израел – емисија за раните религии, Белорусија – ракометен турнир Сеха лига и слично.

Во оваа група на трошоци се вбројуваат и трошоците реализирани во врска со следење на активностите на државниот врв на РСМ во Брисел, Атина итн.

### Заеднички трошоци

Во првиот квартал од 2019 година групата на заеднички трошоци бележи остварување во вкупен износ од 52.127.075 денари што е реализација од 19,5% на финансискиот план за 2019 година за оваа намена. Оваа група ги опфаќа трошоците за електричен и технички материјал со вкупно остварување од 1.122.352 денари, трошоците за канцелариски материјали во износ од 229.231 денар, трошоците за енергија - електрична, топлотна, гориво и мазиво во вкупен износ од 6.746.659 денари, трошоците за фиксна и мобилна телефонија и интернет во вкупен износ од 403.836 денари, потоа трошоците за аудио и видео линии остварени за реализација на радио и ТВ преноси а во износ од 936.239 денари. Во рамките на планираните средства остварување бележат и трошоците за одржување хигиена во просториите во износ од 129.354 денари, трошоците за обезбедување на имот и лица кои изнесуваат 487.352 денари, трошоците за инвестиционо и тековно одржување на основните средства во износ од 287.268 денари, трошоците за одржување на ВЕБ страната на МРТ во износ од 197.959 денари како и трошоците за комунални услуги во вкупен износ од 1.176.574 денари. За опремата и основните средства кои МРТ ги користи во своето тековно работење пресметани се трошоци за амортизација во износ од 15.267.378 денари. Трошоците за банкарски услуги се остварени во износ од 199.160 денари а опфаќаат реализација на платен промет во земјата и странство по основ на плаќања на обврски по договори за откуп на права за емитување на спортска и играна – филмска програма, за аудио и видео линии, членарини кон ЕБУ, ЦИРКОМ и слично. За осигурување на движниот и недвижниот имот на МРТ реализирани се трошоци во износ од 348.078 денари а за надомест за

членовите на Програмскиот совет и Надзорниот одбор на МРТ реализирани се трошоци во износ од 1.195.634 денари кои се пресметуваат согласно Законот за ААВМУ. Реализација во рамки на планираните износи бележат и трошоците за даноци (данок на приход за исплати во странство, задржан данок) со остварување во износ од 725.295 денари, трошоците за камати од работење и затезни камати се остварени во износ од 11.393.273 денари како и дополнително утврдените расходи од минати години кои остварени се со износ од 10.555.064 денари и кои опфаќаат расходи по основ на фактури доставени од комитентите во анализираниот период а се однесуваат на договори склучени во минати години.

**Програмски права**

Групата на трошоци за откуп на програмски права за емитување на програма е остварена во вкупен износ од 11.626.489 денари што претставува 8,8% реализација на планот за 2019 година за оваа намена.

За откуп на права за пренос и емитување на спортски настани како Алпско и Нордиско скијање, Светско првенство во ракомет и СЕХА лига ракомет и слично фактурираната реализација на трошоци во анализираниот период изнесува 6.438.766 денари.

Ставката останати програмски права е реализирана во износ од 462.243 денари и таа во овој период опфаќа фактурирана реализација за размена на вести односно координација на радио вести и радио спорт, Виенски концерт и слично.

За откуп на програма од независни продуценти реализирани се трошоци во износ од 1.814.250 денари и тоа за откуп и емитување на ТВ серијал на информативни емисии за Прв програмски сервис.

Трошоците за копродукциски проекти изнесуваат 671.705 денари и опфаќаат реализација на договори за заедничка соработка со комитенти за снимање и емитување на македонски документарни филмови и серијали, ТВ проект Тунел како и за реализација на емисии од областа на модата, музиката, сообраќајот, забавно-контактни емисии, детски емисии и друго.

**Останати трошоци од работење**

Оваа група на трошоци бележи вкупна фактурирана реализација во износ од 11.105.532 денари и истата ги опфаќа трошоците за адвокатски и нотарски услуги во износ од 389.802 денари, трошоците за извршена ревизија на финансиски извештаи во износ од 599.676 денари, трошоците за интелектуални услуги кои се однесуваат на превод и обработка на откупена странска филмска и останата програма како и изработка на проекти, стручни мислења и слично реализирани во износ од 372.759 денари, потоа трошоците за склучување на авторски договори за ангажирање на надворешни лица преку авторска агенција и договори за соработка остварени во износ од 1.512.502 денари како и трошоците за годишни членарини – ЕБУ, ЦИРКОМ во износ од 2.670.588 денари и трошоците за мало авторско право – ЗАМП кои изнесуваат 3.374.063 денари.

**Инвестиции**

Во делот на инвестиции во нова опрема со Годишниот финансиски план на МРТ за 2019 година планирани се 63.500.000 денари но во првиот квартал од годината нема фактурирана реализација за започнатите тендерски постапки за јавни набавки, односно истите се во тек.

**АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.01 - 31.03.2019 ГОДИНА**

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.01-31.03.2018г. | Финансиски план 2019г. | Остварување 01.01-31.03.2019г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Трошоци за вработените** | | | | | |
| ***1) Трошоци за вработените*** | | | | | |
| Бруто плати (основна плата,даноци,придонеси,минат труд,празнична,ноќна,годишен одмор, боледување,платено отсуство) | 93,002,600 | 400,000,000 | 87,326,015 | 93.9 | 21.8 |
| Отпремнина за одење во пензија | 334,600 | 1,700,000 | 147,826 | 44.2 | 8.7 |
| Други лични примања (останати надоместоци на вработени,помош во случај на смрт на вработен или на член на семејство) | 0 | 300,000 | 49,096 | 0.0 | 16.4 |
| Трошоци за здравствени услуги | 25,100 | 800,000 | 27,500 | 109.6 | 3.4 |
| Трошоци за едукација | 0 | 650,000 | 48,970 | 0.0 | 7.5 |
| **Вкупно 1- Трошоци за вработените** | **93,362,300** | **403,450,000** | **87,599,407** | **93.8** | **21.7** |
| **Патни трошоци** | | | | | |
| ***2)Патни трошоци*** | | | | | |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во земјата | 98,000 | 1,500,000 | 144,077 | 147.0 | 9.6 |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во странство | 170,378 | 3,500,000 | 1,092,778 | 641.4 | 31.2 |
| Превоз за службени патувања во земјата | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Превоз за службени патувања во странство | 85,848 | 1,900,000 | 391,288 | 455.8 | 20.6 |
| Сопствено возило за службени потреби | | 150,000 | 57,768 | 0.0 | 38.5 |
| Услуги за патарина, останати услуги од патувања | 25,440 | 300,000 | 31,617 | 124.3 | 10.5 |
| **Вкупно 2** | **379,666** | **7,450,000** | **1,717,528** | **452.4** | **23.1** |
| ***3)Транспортни услуги*** | | | | | |
| Услуги за такси превоз | 75,542 | 900,000 | 170,619 | 225.9 | 19.0 |
| **Вкупно 3** | **75,542** | **900,000** | **170,619** | **225.9** | **19.0** |
| **Вкупно патни и транспортни трошоци** | **455,208** | **8,350,000** | **1,888,147** | **414.8** | **22.6** |
| **Заеднички трошоци** | | | | | |
| ***4)Трошоци за суровини и материјали*** | | | | | |
| Електричен материјал | 15,998 | 2,000,000 | 989,338 | 6,184.1 | 49.5 |
| Технички материјал | 187,497 | 1,500,000 | 133,014 | 70.9 | 8.9 |
| Материјал за кулиси и декор | 0 | 1,800,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Материјал за реквизита | 0 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Материјал за шминка и фризура | 0 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.01-31.03.2018г. | Финансиски план 2019г. | Остварување 01.01-31.03.2019г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Разни прехранбени и други материјали за снимање | 0 | 350,000 | 712 | 0.0 | 0.2 |
| Материјал за поправка и одржување | 0 | 1,500,000 | 2,668 | 0.0 | 0.2 |
| **Вкупно 4** | **203,495** | **7,550,000** | **1,125,732** | **553.2** | **14.9** |
| ***5)Трошоци за останати материјали*** | | | | | |
| Канцелариски материјал | 106,540 | 1,700,000 | 229,231 | 215.2 | 13.5 |
| Материјал за возен парк и останати материјали | 33,303 | 300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Други потрошни материјали | 0 | 10,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Заштитна облека и обувки, ХТЗ опрема | 0 | 350,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 5** | **139,843** | **2,360,000** | **229,231** | **163.9** | **9.7** |
| ***6)Трошоци за енергија*** | | | | | |
| Трошоци за електрична енергија | 2,161,729 | 18,000,000 | 3,299,895 | 152.7 | 18.3 |
| Трошоци за топлотна енергија | 4,100,090 | 16,000,000 | 3,226,050 | 78.7 | 20.2 |
| Трошоци за гориво и мазиво | 249,859 | 4,000,000 | 220,714 | 88.3 | 5.5 |
| Останати трошоци за користење енергија (мерење на потрошувачка на електрична енергија) | 0 | 300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 6** | **6,511,678** | **38,300,000** | **6,746,659** | **103.6** | **17.6** |
| ***7)Трошоци за ситен инвентар и авто гуми*** | | | | | |
| Ситен инвентар и автогуми | 5,268 | 2,500,000 | 6,195 | 117.6 | 0.2 |
| **Вкупно 7** | **5,268** | **2,500,000** | **6,195** | **117.6** | **0.2** |
| ***8)Поштенски,телефонски услуги,интернет, аудио и видео линии*** | | | | | |
| Телефонски трошоци-фиксна телефонија | 64,648 | 700,000 | 67,392 | 104.2 | 9.6 |
| Телефонски трошоци-мобилна телефонија | 445,934 | 2,300,000 | 325,476 | 73.0 | 14.2 |
| Трошоци за интернет | 12,981 | 700,000 | 10,968 | 84.5 | 1.6 |
| Поштарина | 54,200 | 300,000 | 37,369 | 68.9 | 12.5 |
| Трошоци за користење на аудио и видео линии | 2,270,002 | 12,000,000 | 936,239 | 41.2 | 7.8 |
| **Вкупно 8** | **2,847,765** | **16,000,000** | **1,377,444** | **48.4** | **8.6** |
| ***9)Услуги за одржување и заштита*** | | | | | |
| Агенциски услуги за обезбедување на објектите на МРТ | 1,059,569 | 4,200,000 | 487,352 | 46.0 | 11.6 |
| Инвестиционо и тековно одржување на основни средства | 0 | 11,300,000 | 287,268 | 0.0 | 2.5 |
| Инвестиционо и тековно одржување на градежни објекти | 0 | 10,350,000 | 5,500 | 0.0 | 0.1 |
| Одржување на возила | 197,658 | 3,100,000 | 8,562 | 4.3 | 0.3 |
| Одржување на ситен инвентар и автогуми | 26,101 | 150,000 | 7,867 | 30.1 | 5.2 |
| Други услуги за одржување | 0 | 20,000 | | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за одржување на ВЕБ страна | 295,619 | 1,000,000 | 197,959 | 67.0 | 19.8 |
| Агенциски услуги за одржување хигиена | 617,139 | 3,500,000 | 129,354 | 21.0 | 3.7 |
| **Вкупно 9** | **2,196,086** | **33,620,000** | **1,123,862** | **51.2** | **3.3** |
| ***10)Комунални услуги*** | | | | | |
| Гаражирање и паркирање на возила | 245 | 40,000 | 40 | 16.3 | 0.1 |
| Дератизација и дезинфекција | 0 | 300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за ѓубретарина | 140,326 | 1,200,000 | 203,139 | 144.8 | 16.9 |
| Трошоци за вода | 668,629 | 2,800,000 | 973,395 | 145.6 | 34.8 |
| **Вкупно 10** | **809,200** | **4,340,000** | **1,176,574** | **145.4** | **27.1** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.01-31.03.2018г. | Финансиски план 2019г. | Остварување 01.01-31.03.2019г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***11)Останати услуги од работењето*** | | | | | |
| Заверка на пасоши,визи и слично | 0 | 150,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за огласи и конкурси | 52,287 | 500,000 | 70,396 | 134.6 | 14.1 |
| Трошоци за регистрација на возила, полномоштва и слично | 1,441 | 400,000 | 4,608 | 319.8 | 1.2 |
| Шпедитерски услуги,царински услуги и брза пошта | 21,970 | 200,000 | 4,200 | 19.1 | 2.1 |
| Трошоци за противпожарна заштита (полнење на ПП боци,сервисирање на ПП апарати) | 0 | 800,000 | 117,245 | 0.0 | 14.7 |
| Останати услуги, занаетчиски и др. | 0 | 20,000 | 3,840 | 0.0 | 19.2 |
| Трошоци за фотокопирање | 0 | 30,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 11** | **75,698** | **2,100,000** | **200,289** | **264.6** | **9.5** |
| ***12)Трошоци за амортизација*** | | | | | |
| Амортизација на основни средства | 15,703,791 | 68,000,000 | 15,267,378 | 97.2 | 22.5 |
| **Вкупно 12** | **15,703,791** | **68,000,000** | **15,267,378** | **97.2** | **22.5** |
| ***13)Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис*** | | | | | |
| Вредносно усогласување на вложувања, ревалоризација на обврски, побарувања од купувачите и отпис на побарувања (РДТ и други побарувања) и останато | 0 | 20,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 13** | **0** | **20,000,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| ***14)Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација*** | | | | | |
| Трошоци за промоција и пропаганда | 0 | 300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за репрезентација | 67,244 | 550,000 | 55,523 | 82.6 | 10.1 |
| **Вкупно 14** | **67,244** | **850,000** | **55,523** | **82.6** | **6.5** |
| ***15)Премии за осигурување*** | | | | | |
| Премии за осигурување | 16,740 | 3,000,000 | 348,078 | 2,079.3 | 11.6 |
| **Вкупно 15** | **16,740** | **3,000,000** | **348,078** | **2,079.3** | **11.6** |
| ***16)Банкарски услуги и трошоци во платен промет*** | | | | | |
| Такси за истакнување фирма | 0 | 10,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Банкарски услуги | 169,604 | 900,000 | 199,160 | 117.4 | 22.1 |
| **Вкупно 16** | **169,604** | **910,000** | **199,160** | **117.4** | **21.9** |
| ***17)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Трошоци за спроведување на ИСО стандарди, консултанти, сертификати и слично | 0 | 320,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за атестирање, изработка на елаборат за безбедност и заштита при работа | 0 | 300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за стручна литература и списанија | 57,293 | 300,000 | 17,100 | 29.8 | 5.7 |
| **Вкупно 17** | **57,293** | **920,000** | **17,100** | **29.8** | **1.9** |
| ***18)Трошоци за надомест и други примања на членови на надзорен одбор, одбор на директори и управители*** | | | | | |
| Надомест за членови на Надзорен одбор и Програмски совет на МРТ | 1,542,287 | 5,000,000 | 1,195,634 | 77.5 | 23.9 |
| **Вкупно 18** | **1,542,287** | **5,000,000** | **1,195,634** | **77.5** | **23.9** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.01-31.03.2018г. | Финансиски план 2019г. | Остварување 01.01-31.03.2019г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***19)Даноци, судски такси и друго*** | | | | | |
| Даноци | 967,824 | 4,000,000 | 725,295 | 74.9 | 18.1 |
| Судски трошоци и административни такси | 217,472 | 1,000,000 | 123,052 | 56.6 | 12.3 |
| Останати трошоци и услуги од работење, услуги за користење Uplink антена-Сателитски провајдер и друго | 5,620 | 250,000 | 5,000 | 89.0 | 2.0 |
| **Вкупно 19** | **1,190,916** | **5,250,000** | **853,347** | **71.7** | **16.3** |
| ***20)Казни,пенали,надомест на штети*** | | | | | |
| Казни, пенали, надомест на штети | 37,002 | 600,000 | | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 20** | **37,002** | **600,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| ***21)Дополнително утврдени расходи од минати години*** | | | | | |
| Дополнително утврдени расходи од минати години | 1,563,006 | 17,000,000 | 10,555,064 | 675.3 | 62.1 |
| **Вкупно 21** | **1,563,006** | **17,000,000** | **10,555,064** | **675.3** | **62.1** |
| ***22)Камати од работење и затезни камати*** | | | | | |
| Камати од работење и затезни камати | 9,688,926 | 35,000,000 | 11,393,273 | 117.6 | 32.6 |
| **Вкупно 22** | **9,688,926** | **35,000,000** | **11,393,273** | **117.6** | **32.6** |
| ***23)Негативни курсни разлики*** | | | | | |
| Негативни курсни разлики | 98,219 | 3,500,000 | 256,532 | 261.2 | 7.3 |
| **Вкупно 23** | **98,219** | **3,500,000** | **256,532** | **261.2** | **7.3** |
| **Вкупно заеднички трошоци** | **42,924,061** | **266,800,000** | **52,127,075** | **121.4** | **19.5** |
| **Програмски права** | | | | | |
| ***24)Програмски права*** | | | | | |
| Права за филмови | 0 | 35,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Останати програмски права | 59,294 | 9,500,000 | 462,243 | 779.6 | 4.9 |
| Надомест за фестивал ЕВРОСОНГ | 2,210,461 | 2,500,000 | 2,239,525 | 101.3 | 89.6 |
| Надомест за фестивали | 0 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Права за спортски настани | 272,894 | 15,000,000 | 6,438,766 | 2,359.4 | 42.9 |
| Надомест за откуп на програми од независни продуценти | 2,157,770 | 17,000,000 | 1,814,250 | 84.1 | 10.7 |
| Копродукциски проекти | 3,883,226 | 52,000,000 | 671,705 | 17.3 | 1.3 |
| **Вкупно 24-програмски права** | **8,583,645** | **132,000,000** | **11,626,489** | **135.4** | **8.8** |
| **Останати трошоци од работење** | | | | | |
| ***25)Наемнини*** | | | | | |
| Останати наемнини (наем на опрема и недвижнини) | 56,938 | 1,550,000 | 29,986 | 52.7 | 1.9 |
| **Вкупно 25** | **56,938** | **1,550,000** | **29,986** | **52.7** | **1.9** |
| ***26) Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Адвокатски и нотарски услуги | 17,500 | 500,000 | 389,802 | 2,227.4 | 78.0 |
| Ревизија на финансиски извештаи | 0 | 1,000,000 | 599,676 | 0.0 | 60.0 |
| Услуги за вештачење | 0 | 200,000 | 16,520 | 0.0 | 8.3 |
| Носачи на аудио и видео материјал - промотивни материјали | 52,826 | 300,000 | 8,485 | 16.1 | 2.8 |
| Услуги за рејтинг агенции-надомест за користење податоци за истражување | 0 | 5,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Технички услуги | 0 | 6,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за опремување сцена | 1,463,255 | 2,500,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Интелектуални услуги (преведувачки услуги,изработка на проекти, стручни мислења и слично) | 670,460 | 4,300,000 | 372,759 | 55.6 | 8.7 |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.01-31.03.2018г. | Финансиски план 2019г. | Остварување 01.01-31.03.2019г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Информативни услуги од агенции во земјата и странство | 0 | 50,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Авторски договори-авторска агенција | 1,396,184 | 10,000,000 | 1,512,502 | 108.3 | 15.1 |
| Трошоци за проект Евровизија | 54,410 | 7,000,000 | 20,811 | 38.2 | 0.3 |
| Трошоци за судски извршители | 46,274 | 700,000 | 2,098,341 | 4,534.6 | 299.8 |
| **Вкупно 26** | **3,700,909** | **37,550,000** | **5,018,896** | **135.6** | **13.4** |
| ***27)Членарини, котизации,такси,ЗАМП,останати услуги*** | | | | | |
| Годишни членарини - ЕБУ, ЦИРКОМ | 2,206,874 | 10,000,000 | 2,670,588 | 121.0 | 26.7 |
| Котизации и акредитации | 0 | 300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Останати услуги од работење - (РДТ и други услуги) | 0 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Мало авторско право (ЗАМП) | 239,006 | 8,500,000 | 3,374,063 | 1,411.7 | 39.7 |
| **Вкупно 27** | **2,445,880** | **19,000,000** | **6,044,651** | **247.1** | **31.8** |
| ***28)Материјали и услуги за дигитализација*** | | | | | |
| Набавка на дигитални технички материјали и услуги | 4,499 | 300,000 | 11,999 | 266.7 | 4.0 |
| **Вкупно 28** | **4,499** | **300,000** | **11,999** | **266.7** | **4.0** |
| **Вкупно останати трошоци од работење** | **6,208,226** | **58,400,000** | **11,105,532** | **178.9** | **19.0** |
| **А.ВКУПНО ТРОШОЦИ (од точка 1 до точка 28)** | **151,533,440** | **869,000,000** | **164,346,650** | **108.5** | **18.9** |
| **Б.ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| Набавка на опрема и други инвестиции | 658,440 | 63,500,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Б.ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **658,440** | **63,500,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ (А+Б)** | **152,191,880** | **932,500,000** | **164,346,650** | **108.0** | **17.6** |

## Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 31.03.2019г

**Состојбата на *денарските* сметки на ЈРП МРТ на 31.03.2019г изнесува:**

- Комерцијална банка 94.656 денари
- Халк банка 98.868 денари
- Тутунска банка 323.575 денари
- Стопанска банка 401.531 денари
- Шпаркасе банка 395.548 денари
- Еуростандард банка 740.937 денари
- Силк Роад банка 24.158 денари

***Вкупно на сметки : 2.077.273 денари***

**Состојбата на девизните сметки на ЈРП МРТ на 31.03.2019г изнесува:**

- Стопанска банка 159 УСД
- Комерцијална банка 1.050 ЕУР
  3.032 АУД
  и 628 ЦХФ
- Прокредит банка 144 ЕУР

## СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 31.03.2019 ГОДИНА

## РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ ОД КУПУВАЧИ ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО НА 31.03.2019 ГОДИНА

| ОПИС | Состојба на 31.12.2018г | Состојба на 31.03.2019г | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| **Побарувања од купувачите во земјата** | **2,111,875,999** | **2,113,430,994** | **100.1** |
| **Побарувања од купувачите во странство** | **38,831,311** | **39,917,017** | **102.8** |
| **Вкупно:** | **2,150,707,310** | **2,153,348,011** | **100.1** |

## Побарувања од купувачите во земјата

| ОПИС | Состојба на 31.12.2018г | Состојба на 31.03.2019г | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| - редовни побарувања | 2,060,797,572 | 2,062,786,613 | 100.1 |
| - побарувања за кои се поведени судски постапки за присилна наплата | 51,078,427 | 50,644,381 | 99.2 |
| **Вкупно:** | **2,111,875,999** | **2,113,430,994** | **100.1** |

Ненаплатените побарувања од купувачите во земјата се однесуваат на следните видови побарувања:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2018г | Состојба на 31.03.2019г | индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| - ненаплатени побарувања по основ на радиодифузна такса (обврска на УЈП) | 2,050,247,582 | 2,047,595,328 | 99.9 |
| - радио и телевизиски реклами | 7,629,921 | 12,623,344 | 165.4 |
| - закуп на основни средства | 95,310 | 87,839 | 92.2 |
| - побарувања од корисници на Кулата на МРТ (вода, струја) | 2,824,759 | 2,480,102 | 87.8 |
| - тужени побарувања (за реклами, закупнини и др.) | 51,078,427 | 50,644,381 | 99.2 |
| **Вкупно:** | **2,111,875,999** | **2,113,430,994** | **100.1** |

## Побарувања од купувачите во странство

Вкупните ненаплатени побарувања од купувачите во странство со состојба на 31.03.2019 година изнесуваат вкупно 39.917.017 денари, а се однесуваат на следните видови услуги:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2018г | Состојба на 31.03.2019г | индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| - Купувачи во странство ( тужени побарувања од отстапени права ) | 34,558,595 | 35,461,451 | 102.6 |
| - ТВ услуги | 540,073 | 540,718 | 100.1 |
| - технички услуги | 2,927,038 | 2,930,530 | 100.1 |
| - побарувања од закупнини | 16,786 | 16,806 | 100.1 |
| - отстапени права | 370,289 | 581,891 | 157.1 |
| - фестивали во странство | 155,285 | 120,973 | 77.9 |
| - побарувања од спонзорства во странство | 263,245 | 264,643 | 100.5 |
| **Вкупно:** | **38,831,311** | **39,917,012** | **102.8** |

## РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 31.03.2019 ГОДИНА

| ОПИС | состојба на 31.12.2018г | состојба на 31.03.2019г |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| **Краткорочни обврски** | **668,836,292** | **589,305,169** |
| Обврски кон добавувачите во земјата | 97,103,954 | 50,308,463 |
| Обврски кон добавувачите во странство | 34,782,398 | 37,864,523 |
| Обврски за примени аванси од купувачи | 81,190 | 81,190 |
| Краткорочни обврски за даноци (ДДВ и ДД) придонеси и др.давачки | 204,385,690 | 195,991,726 |
| Обврски спрема вработените | 21,037,418 | 19,105,125 |
| Обврски за авторски договори | 1,363,433 | 1,363,493 |
| Краткорочни обврски (Лондонски и Париски клуб) | 191,805,056 | 179,642,623 |
| Останати краткорочни обврски | 616,171 | 620,982 |
| Краткорочни обврски и кредити од комерцијални банки | 53,335,671 | 40,001,733 |
| Резервирања врз основ на судски спорови | 64,325,311 | 64,325,311 |
| **Долгорочни обврски** | **239,969,443** | **239,969,443** |
| Долгорочни обврски кон добавувачи во земјата | 18,945,865 | 18,945,865 |
| Долгорочни кредити и заеми | 221,023,578 | 221,023,578 |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ** | **908,805,735** | **829,274,612** |

Состојбата на вкупните обврски на 31.03.2019 година изнесува 829.274.612 денари и истите во однос на состојбата на 31.12.2018 година се намалени за 79.531.123 денари.

**СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.03.2019 ГОДИНА**

Состојбата на вработените во ЈРП МРТ на 31.03.2019г изнесува вкупно 801 лице, што е помалку за 17 лица или за 2,1% во однос на состојбата на 31.12.2018 година.

СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.03.2019 ГОДИНА ПО КВАЛИФИКАЦИИ

| | д-р | м-р | ВСС | ВС | ССС | ВКВ | КВ | НСС | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 31.12.2018г | 0 | 27 | 337 | 23 | 384 | 1 | 32 | 14 | 818 | |
| 31.03.2019г | 0 | 30 | 330 | 23 | 373 | 1 | 31 | 13 | 801 | -17 |
| структура 31.03.2019г.(%) | 0.0 | 3.7 | 41.2 | 2.9 | 46.6 | 0.1 | 3.9 | 1.6 | 100.0 | -2.1 |

СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.03.2019 ГОДИНА ПО НАЦИОНАЛНОСТ

| | македо нци | албан ци | турци | срби | власи | роми | бошњ аци | црно горци | оста нато | ВКУПНО | разли ка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 31.12.2018г | 591 | 150 | 30 | 25 | 8 | 4 | 4 | 3 | 3 | 818 | |
| 31.03.2019г | 576 | 149 | 29 | 25 | 8 | 4 | 4 | 3 | 3 | 801 | -17 |
| структура 31.03.2019г.(%) | 71.9 | 18.6 | 3.6 | 3.1 | 1.0 | 0.5 | 0.5 | 0.4 | 0.4 | 100.0 | -2.1 |

Во текот на периодот Јануари-Март 2019 година 1 лице со ВСС засновало работен однос во МРТ како стручен соработник во Секторот за финансиски работи.

Во истиот период вкупно 18 лица го прекинале договорот за вработување со МРТ, и тоа по основ на пензионирање вкупно 16 лица од кои 3 референти со ССС, 2 новинари ( 1 со ВСС и 1 со ССС), 1 помошник на директорот со ВСС, 1 спикер со ССС, 1 раководител на РА техника со ВСС, 1 инженер со ВСС, 1 раководител на одделението за фонотека со ВСС, 2 продуценти со ССС, 1 сниматеl - камерман со ССС, 1 оператор на програма со ССС, 1 мајстор на тон со ССС и 1 техничар со ССС, додека пак, 1 раководител на одделение со ВКВ и 1 дописник-новинар со ССС се починати.

Скопје, Април 2019 година